# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗА 2022 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗА 2022 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ИЗДАВАЧ:
Хелсиншки комитет за човекови права,
претставуван од претседателката на УО, проф. д-р Неда Здравева

УРЕДНИЧКА:
Уранија Пировска, извршна директорка

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА:
Виолета Танчева-Златева

ДИЗАЈН:
Билјана Иванова

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 5
БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ........ 8
ПРАВОСУДСТВО ........ 12
РАБОТНИЧКИ ПРАВА ........ 15
ДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 20
РОДОВА ЕДНАКВОСТ ........ 24
ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ........ 29
ДИГИТАЛНИ ПРАВА И СЛОБОДИ ........ 33
ГОВОР НА ОМРАЗА ........ 35
ДЕЛА ОД ОМРАЗА ........ 38
ЛГБТИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА ........ 40

# ВОВЕД

Почетокот на 2022 година во светски рамки го одбележа започнувањето на воената инвазија на Русија врз Украина што резултираше со бројни човечки жртви и продолжување на неизвесноста и стравот од времето на пандемијата. Над половина милион деца станаа бегалци, а постојано се зголемува и бројот на раселени луѓе и бегалци. Војната во Украина предизвика економска и енергетска криза, уште поголем јаз помеѓу богатите и сиромашните, како и други социо - економски последици чиишто жртви повторно се најранливите групи граѓани.

Во текот на 2022 година, Хелсиншкиот комитет регистрира мало опаѓање на бројот на барања за правна помош во врска со работните односи, споредено со претходната година, но доминираа барањата за правна помош поврзани со имотно-правните прашања, семејното насилство и семејните односи и заштитата на човековите права. Во областа на работничките права, еден од еклатантните примери е случајот кога постапувајќи по претставка поднесена во име на работничка од Скопје, која се обрати за правна помош до Хелсиншкиот комитет, Државниот инспекторат за труд изврши вонреден инспекциски надзор кај нејзиниот работодавач и утврди дека за периодот додека била вработена, таа не само што не примила целосен износ на платата, туку ѝ биле исплаќани и суми од еден, два или десет денари.

И покрај барањата на синдикатите и протестите на вработените во различни сектори, иако новиот Закон за работните односи почна да се изготвува уште во 2018 година, нов закон од оваа област не беше донесен ниту во 2022 година.

Имајќи ја предвид разнишаната доверба на граѓаните во судството, Хелсиншкиот комитет вршеше мониторинг на судски постапки на барање на граѓани или на постапки од поширок општествен интерес.

Иако случаите со прекршување на здравствените права се континуирано присутни во нашето секојдневие, ковид-пандемијата извади на виделина длабоки системски аномалии што предизвикуваат тешки последици по здравјето и животот на луѓето и овозможуваат огромен профит за поединци на грбот на пациентите и нивните семејства. Хелсиншкиот комитет заедно со Истражувачката репортерска лабараторија (ИРЛ), Македонското здружение на млади правници и Клубот на млади лекари изработи „Извештај за лекувањето на граѓаните во приватните и јавните здравствени установи по повикот за правна помош од страна на граѓанските организации“.

Кога станува збор за родово базираното насилство, иако е дефинирано со закон од 2021 година, повеќето релевантни институции сè уште не го признаваат како форма на насилство, туку само семејното насилство. Ова е очигледно од извештаите на граѓанските организации, главно при обезбедувањето бесплатна правна помош и/или следењето на судските случаи на родово засновано насилство. Благата казнена политика, неефикасноста на судството и пролонгирањето на судските постапки во случаите на насилство, го отежнува и ограничува пристапот до правда на жртвите што дополнително негативно влијае и на пријавувањето на родово базирано насилство. Во 2022 година, слоганот „Сиромаштијата има женско лице“, беше потсетување дека жените сè

уште не уживаат еднакви права во речиси ниту еден аспект од животот, на работа или дома, во политиката и социјалниот живот и дека повеќе се подложни на ударот на сиромаштијата.

Во случаите кои укажуваат на недоволна свест за човековите права на различните и недостигот на емпатија, најеклатантен пример беше петицијата на родители против дете со Даунов синдром што претставува пораз на нашето општество кога станува збор за односот кон најранливите меѓу нас. Тука спаѓаат и инцидентите и зголемениот говор на омраза насочени против припадници на еврејската религиозна група „Лев Тахор“, кои привремено престојуваа во Северна Македонија, што го покажува ниското ниво на толеранција кон различните и високиот степен на ксенофобија во општеството.

Во 2022 година, Основниот граѓански суд во Скопје утврди дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас. Судот утврди дека директната дискриминација е сторена со непреземање, односно, со пропуштање да се преземат дејствија за приспособување на инфраструктурата и просторот до и во дел од избирачките места и го повредиле начелото на соодветно приспособување. На овој начин, тужените оневозможиле лицата со попреченост да го остварат нивното право на глас, а со тоа го попречиле и активното учество на лицата со попреченост во политичкиот живот на државата. Основниот граѓански суд ја донесе оваа пресуда откако Хелсиншкиот комитет за човекови права, во 2021 година поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis).

Хелсиншкиот комитет во 2022 година продолжи со мониторинг на казнено-поправните установи. И покрај заложбите на државата, меѓународните и домашните организации да се подобрат условите во казнено-поправните и воспитно-поправната установа, системските недостатоци сè уште постојат. Пристапот до здравствена заштита, образование, соодветни материјални услови за живеење, програми за ресоцијализација и постпенална помош се сè уште незамисливи за лицата кои се наоѓаат на издржување казна затвор, а корупцијата и митото се дел од секојдневието на осудените лица.

Во социјалниот центар „Комитет“ се одбележа 10-годишнината од отворањето на ЛГБТИ Центарот за поддршка. Како подружница на Хелсиншкиот комитет за човекови права, изминатата деценија Центарот стана препознатливо безбедно место за ЛГБТИ луѓето во земјава, кое овозможува правна и психосоцијална поддршка.

Сепак, говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето континуирано расте и изминатата година се регистрирани 36 случаи на говор од омраза врз основ на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет, што е 22% од вкупниот број на регистрирани случаи на говор од омраза.

Транссексуалната заедница останува една од најранливите и под ризик од дополнителна стигма, дискриминација и насилство. И изминатата година државата повторно не собра сили да ја спроведе одлуката на Судот за човекови права од Стразбур која се однесува на регулација на правното признавање на родот.

Сигурна куќа која им нуди засолниште за жртвите на семејно насилство и под ризик од бездомништво и во 2022 година забележа високи стапки на дела од омраза и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет. Бројот на индивидуални случаи кои биле згрижени во шелтер центарот Сигурна куќа, потврдува дека семејното и родово базираното

насилство, односно насилството врз основ на сексуална ориентација и/или родов идентитет, е доминантниот облик на насилство.

Годишниот извештај на Хелсиншкиот комитет за 2022 година содржи и издвоени конкретни случаи од праксата, кои јасно ги покажуваат вкоренетите системски проблеми и нивното влијание врз правата на граѓаните во нашата земја.

Врз основа на наодите коишто произлегуваат од работата на Хелсиншкиот комитет констатираме дека не се направени значајни унапредувања  во закониот и во институционалниот систем а заштита и промоција на човековите права.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Уште од основањето во 1994 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права дејствува во насока на правно зајакнување и правна поддршка на граѓаните. Комитетот од 2016 година е регистриран како овластено здружение за обезбедување примарна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош.

Во текот на 2022 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права обезбеди правна помош за граѓаните во областа на работните односи, социјалната и здравствена заштита, заштитата на деца, семејното и родово базирано насилство, пензиското и инвалидско осигурување, имотно - правните односи, во кривично – правната област како и други области поврзани со мисијата на Комитетот во областа на заштита на човековите права.

Врз основа на прибраните податоци, **вкупно 515 граѓани се обратиле со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет за човекови права.** Според половата структура, релативно поголем дел од барателите на бесплатна правна помош биле мажи (графикон бр. 1), додека според етничката структура, значително поголем дел од барателите биле Македонци, а најмал број на баратели биле Турци и Срби (графикон бр. 2).

*Графикон бр. 1. Пол на барателите на бесплатна правна помош*




*Графикон бр. 2. Етничка припадност на барателите на бесплатна правна помош*

| Македонци | Албанци | Роми | Турци | Срби | Други |
|---|---|---|---|---|---|
| 450 | 37 | 21 | 1 | 1 | 5 |

Според местото на живеење, најголем дел од барателите на бесплатна правна помош се од Скопскиот регион, имајќи предвид дека канцеларијата на Хелсиншкиот комитет е лоцирана во Градот Скопје (графикон бр. 3).

*Графикон бр. 3. Потекло на барателите на бесплатна правна помош според региони*




Според податоците на Хелсиншкиот комитет, доминираа барања за бесплатна правна помош поврзани со имотно-правните прашања, семејното насилство и семејните односи, работните односи и заштитата на човековите права (графикон бр. 4)

*Графикон бр. 4. Барања за бесплатна правна помош според правна област*

| Имотно право | Социјална заштита и осигурување | Заштита на деца | Пензиско и инвалидско осигурување | Здравствено осигурување и заштита | Работни односи | Родово базирано и семејно насилство | Статусни прашања | Заштита на човекови права | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 69 | 47 | 36 | 5 | 40 | 71 | 51 | 26 | 93 | 77 |

Примарна правна помош опфаќаше преземање на различни дејствија од страна на секторот за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет, почнувајќи од усмен правен совет и давање иницијални информации и упатства за условите и постапката за остварување определени права на граѓаните, додека за правата за кои постои можност за вонсудско решавање преку општа управна постапка пред државните органи или интерна постапка пред работодавецот, по приемот на потребните документи, постапувавме на начин што им помагавме на странките во составување поднесоци (приговори, жалби итн.) или поднесувавме барања за вонреден инспекциски надзор до соодветните инспекторати (трудов инспекторат, управен инспекторат, санитарен и здравствен инспекторат, комунални инспекторати, сектори за надзор при минисерствата, Инспекциски совет).

За правата за кои е неопходна судска заштита во управна или граѓанска постапка, посредувавме во постапката за обезбедување на адвокат од листата што ја води Министерството за правда. Во 2022 година поднесовме 8 барања за секундарна правна помош, од кои: три барања во областа на имотното право, 2 барања во областа на семејното насилство, 2 барања во областа на семејните односи и 1 барање во областа на социјалната заштита.

**Реализација на проектот**
**„Подобрување на пристапот до правда во Република Северна Македонија“**

Хелсиншкиот комитет за човекови права, со поддршка на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија, во декември 2021 година започна со имплементацијата на едногодишниот проект „Подобрување на пристапот до правда во Република Северна Македонија“. Целта на овој проект беше да се придонесе кон подобрување на пристапот на граѓаните до правните механизми и услуги за заштита и унапредување на нивните законски и уставно загарантирани права. Оттаму, активностите преземени во текот на реализацијата на проектот вклучуваа обезбедување и податоци и релевантни информации во врска со обезбедената примарна правна помош, како и согледување на недостатоците на законската рамка за секундарната правна помош, како и давање препораки за нејзино подобрување во периодот што следи.

Притоа, особено внимание беше посветено на категориите граѓани кои зависно од етничката припадност, местото на живеење или општествениот статус во периодот пред спроведувањето на овој проект имаа помал интерес за услугите на овластените здруженија за бесплатна правна помош. Со цел да се подобри пристапот до правда на овие граѓани, беа ралзирани отворени денови[1] за бесплатна правна помош во поодалечени населени места и општини во околината на градот Скопје, односно во општините Сарај, Сопиште, Гази Баба и Илинден. Покрај презентирањето на работата на организацијата и начинот на кој граѓаните можат да добијат бесплатна правна помош во отворените денови, правните советници изработија и дистрибуираа информативни брошури[2] на македонски, албански и ромски јазик за населението во овие општини, и тоа: „Заштитен труд – продуктивен работник“ – брошура за работнички права;

[1]https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/posts/pfbid02wGtMQkZWowgdAmbKPrFbvE2W1dkWVucHpTMSBLsGiESwB4KGEbAWHCgot9yB7rxHl
[2] https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/podobruvanje-na-pristapot-do-pravdata-vo-republika-severna-makedonija/

„Вклученост без пречки“ – брошура за правата на лицата со попреченост и „Живот без насилство“ – брошура за правата на жртвите на семејно и родово базирано насилство.

За зголемување на транспарентноста на судските постапки, а имајќи ја предвид разнишаната доверба на граѓаните во судството, во рамките на проектот беше извршен мониторинг на судски постапки на барање на странките или на постапки од поширок општествен интерес, по претходно објавен повик[3] за набљудувачи по апелациони подрачја.

За подигнување на јавната свест за достапноста на бесплатната правна помош која ја обезбедува Хелсиншкиот комитет беше спроведена и информативна кампања преку споделување квартални[4] и полугодишни извештаи[5], а проектот беше заокружен со завршен настан во ноември 2022 година, кога наодите беа презентирани во пубикацијата[6] „Пристап до правда – Анализа на обезбедена бесплатна правна помош од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права“ (МК и АЛБ верзија).

Во врска со спроведувањето на одредбите од Законот за бесплатна правна помош, Националното координативно тело (неформално тело во кое учествуваат претставници на Министерството за правда, преставници на здруженијата на граѓани овластени за бесплатна правна помош и адвокати) во текот на 2022 година одржа 4 состаноци на кои се дискутираа предизвиците и недостатоците при исполнувањето на обврските, како од страна на Министерството за правда, така и од страна на давателите на примарна правна помош (овластените здруженија и правните клиники).

Искуствата на правните советници на Хелсиншкиот комитет, добиени преку работата со барателите на бесплатна правна помош, беа од особено значење во прецизирањето на препораките за подобрување на законската рамка која ги регулира условите за одобрување бесплатната секундарна правна помош, подобрување на праксата во рамките на постоечката законска регулатива за примарната правна помош, како и модалитети за подобрување на комуникацијата меѓу подрачните одделенија на Министерството за правда и овластените здруженија и правни клиники. Од редовните состаноци произлезе неопходноста од законска и инфраструктурна основа за воспоставување постојано формално тело за соработка и одлучување меѓу Секторот за бесплатна правна помош при Министерството за правда, подрачните единици на Министерството, овластените здруженија за бесплатна правна помош и правните клиники.

---

[3] https://mhc.org.mk/news/povik-za-angazhiranje-na-nabljuduvachi-na-sudski-postapki-vo-skopje-kumanovo-shtip-tetovo-i-bitola/

[4] https://mhc.org.mk/reports/special-report/besplatna-pravna-pomosh-prv-kvartal/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-vtor-kvartal/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-tret-kvartal/
https://mhc.org.mk/reports/besplatna-pravna-pomosh-chetvrti-kvartal/

[5] https://mhc.org.mk/reports/podobruvanje-na-pristapot-do-pravda-vo-r-s-makedonija-polugodishen-infografik/
https://mhc.org.mk/reports/podobruvanje-na-pristapot-do-pravda-vo-r-s-makedonija-vtor-polugodishen-infografik/

[6] https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/pristap-do-pravda.pdf

# ПРАВОСУДСТВО

Периодот планиран за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (Стратегијата) започна во 2017 година, а заврши во 2022 година. Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку Блупринт-групата редовно го следеше спроведувањето на Стратегијата во изминатите години, а активно подготвуваше анализи, извештаи и други документи со кои ѝ ги презентираше наодите од мониторингот на јавноста и ги приближи граѓаните поблиску до процесот на реформа на правосудниот сектор.

Во делот на независност и непристрасност треба да се забележи дека беше подготвен и усвоен нов Закон за управување со движењето на предметите во судовите, а процесот на дигитализација во правосудството започна да се спроведува во изминатата година.

Проблемот со независноста на судскиот буџет остана нерешен, а покрај тоа, и текстот на новиот Судски деловник не е финализиран.

Во однос на мерките од Стратегијата поврзани со квалитетот, делот од нив посветен на воедначувањето на судската практика беше спроведуван континуирано во текот на целиот изминат период и судските одлуки се објавуваат на судскиот веб-портал sud.mk.

Од една страна, се исполни мерката за јасни и образложени одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ) за избор и унапредување на судии, а од друга, продолжува трендот Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ) на својата веб-страница да не ги објавува јавно одлуките за избор и унапредување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од негова страна.

Клучниот предизвик со кој се соочи пробациискиот систем беше мошне малиот број на предмети, но во 2021 имаше напредок со донесувањето посебна Стратегија за развој на пробациската служба (2021-2025), која дава патоказ на мерки што треба да се спроведат во следниот период, а со кои се адресираат претходно споменатите предизвици.

Од усвојувањето на Стратегијата до денес не се направени значителни активности за подобрувањето на состојбата со човечките ресурси во правосудството.

И покрај тоа што во 2019 година прв пат е дадена можност судиите директно да поднесат барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на ССРСМ кој го избрале, досега нема поднесено барање за поведување ваква постапка. Со усвоените законски измени, целокупната надлежност за одговорност на судиите и претседателите на судовите се префли, како и претходно, на ССРСМ. Што се однесува до одговорноста на јавните обвинители, неопходно е да се напомене дека кога се одлучува по одреден дисциплински предмет, СЈОРСМ претходно со решение ја исклучува јавноста од тоа, па поради тие причини, нема можност да се мониторира целосната постапка.

Мерката за следење на ефикасноста на судството е директно поврзана со формирањето на Центарот за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика, но таа не е имплементирана.

Со предложените измени на релевантните закони се постигнува еднаквост на вработените во приватниот и во јавниот сектор преку воспоставување ист износ на законска минимална плата и скалесто усогласување на преостанатите плати на судските службеници и на јавнообвинителските службеници од сите нивоа, како и обезбедување континуитет на промените на платите во судската администрација и во јавнообвинителската администрација во однос на минималната плата на национално ниво. Сепак, предложените измени сѐ уште не се усвоени.

Мерката за воспоставување јасни критериуми, правила и процедури за јавност на седниците на ССРСМ формално се исполни во мај 2019 година. Позитивна промена во начинот на работа на ССРСМ по усвојувањето на новиот закон е начинот на известување за избор, унапредување и разрешување судии и претседатели на судови, како и на одлуките за утврдување дисциплинска одговорност. Ревизијата на Методологијата за судска статистика во поглед на формата за годишните извештаи за работа може да се смета за исполнета бидејќи ССРСМ веќе подолго време воспостави практика на воедначени извештаи за работата на судовите. СЈОРСМ на својата веб-страница навремено објавува датуми за одржување на седниците, но загрижувачко е нетранспарентното објавување на буџетот на СЈОРСМ.

Во делот на пристап до правдата може да се забележи напредок во подготовката на релевантните закони, иако се забележува и доцнење во однос на роковите поставени во Акцискиот план на Стратегијата.

Евидентно е дека нема напредок во воспоставувањето на истражните центри во јавните обвинителства, системот за електронска распределба на предмети во јавните обвинителства не е воспоставен, а пензионирањето на 10 јавни обвинители заклучно со 30.6.2022 година, исто така, негативно влијае врз ефикасното работење на Јавното обвинителство.

Релевантните закони од казнено-правната област се во различна фаза на подготовка, при што може да се забележи отстапување од роковите наведени во Стратегијата. Сепак, поради сложеноста на овие закони и за исполнување на критериумот квалитет, јасно е зошто е потребно повеќе време за нивно донесување.

Во управно-правната област забележан е развој по новините воведени со Законот за управните спорови (ЗУС) од 2019 година иако неусогласеноста со Законот за општа управна постапка (ЗОУП) останува горлив проблем.

Стратегијата предвидуваше сеопфатна законодавна реформа во областа на граѓанското материјално право. Подготовката на релевантните закони од оваа област започна, меѓутоа, кај неколку од нив се забележува застој во процесот.

Генерална оцена за спроведувањето на Стратегијата би можела да биде дека предвидените мерки се делумно спроведени, со различен степен на напредок во одделни области. Сепак, неопходно е да се нагласи дека претстојат уште многу чекори доисполнувањето на стратешките цели на државата, кои ќе бидат предвидени во следната стратегија за реформа на правосудниот сектор.

Блупринт-групата за реформи во правосудство преку досегашното следење на Стратегијата за реформи во правосудството (2017-2022) истакна релевантна и професионална експертиза во проценка на квалитетот на предложените мерки и политики во областа на правосудството и се позиционираше како клучен чинител од граѓанскиот сектор кој учествува во реформите во овој сектор. Во текот на 2022 година започна подготовката на новата развојната секторска стратегија за правосудство за период 2023-2027, во кој процес беше вклучена и Блупринт групата за реформи во правосудство.

# РАБОТНИЧКИ ПРАВА

За да се добие јасна слика за состојбата на работничките и работниците во Република Северна Македонија, треба да се има предвид контекстот на нееднаквата распределба на богатството. Последните податоци покажуваат дека нееднаквата распределба на доходот, мерена преку Џини индексот, се зголемила на 33,5 отсто.[7] Ова е резултат на брзорастечката здравствена криза и последиците на пандемијата што произведоа економски и социјални импликации од огромни размери. Работничките и работниците беа први на удар, неизбежно давајќи ѝ на оваа ситуација карактер на работничка криза. Кризната состојба за работниците значеше борба за зачувување на своето и на здравјето на најблиските, но и борба за спас на својата егзистенција. Кризата имаше различно влијание врз општествените групи, пропорционално на нивната моќност. Па така, помалку моќните општествени групи беа значително позасегнати од негативните импликации на кризата затоа што најчесто станува збор за лица со несигурен работен однос. Ваков пример се текстилните работнички чии договори за вработување често се склучуваат за времетраење од само еден месец.

Уште една причина за зголемување на нееднаквоста во распределбата на доходот за време и по пандемијата е тоа што значително се намалија примањата на вработените во дејностите што се најпогодени од кризата, за разлика од примањата од капитал што претставуваат главен извор на доход на побогатите. Заклучоците од истражувањата за ефектите на пандемијата врз помалку моќните општествени групи говорат дека најпогодени се лицата со примања околу минималната плата, младите и жените, чии примања значително се намалија овој период во споредба со примањата на останатите граѓани, а посилно се погодени и посиромашните региони и трудоинтензивните индустрии.[8]

Според податоците од Државниот завод за статистика, од вкупно 808.078 лица активно население, 692.034 се вработени, а невработени се 116.045 лица. Стапката на вработеност во 2022 година изнесувала 47,3%, а стапката на невработеност 14.4%.[9] Во 2022 година 112.733 лица биле евидентирани како невработени во Агенцијата за вработување на РСМ, од нив 67.939 лица во урбани средини и 44.794 лица во рурални средини.[10] Според последните достапни податоци, во

[7] Data Bank “Gini index – North Macedonia”. Available at: https://databank.worldbank.org/source/world-development-indicators/Series/SI.POV.GINI.

[8] Биљана Јовановиќ, Бранимир Јовановиќ, Виктор Митевски, Виктор Стојкоски, „Нееднаквост во време на корона - Ефекти од пандемијата на Ковид-19 врз македонската економија: бриф за политики“ (2021) https://zmai.mk/wp-content/uploads/2021/01/Efektite-od-Kovid-vrz-MK-ekonomija-MK.pdf.

[9] Државен завод за статистика „Активно население во Република Северна Македонија1) Резултати од Анкетата за работна сила, 2022 година“ (17 март 2023). Достапно на https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=98&rbr=14266.

[10] Агенција за вработување на РСМ „Преглед на евидентирани невработени лица“. Достапно на: https://av.gov.mk/pregled-na-evidentirani-nevraboteni-lica.nspx.

Македонија изминативе години околу 450.000 лица живееја под прагот на релативна сиромаштија и приближно 100.000 лица под линијата на апсолутна сиромаштија.[11]

Во 2022 година, до Хелсиншкиот комитет за човекови права беше поднесено вкупно 71 барање за бесплатна правна помош во врска со работничките права, од кои во поголем дел беа индивидуални, а во помал дел колективни барања на два или повеќе работници. Уделот на овие барања учествуваше со 15% во вкупниот број барања за бесплатна правна помош во назначениот период. Барањата во најголем обем се однесуваа на прашања кои произлегуваат од секојдневниот однос меѓу работниците и работодавачите, како вознемирување на работно место (мобинг), задоцнета исплата на плати и регрес за годишен одмор, прашања во врска со задршки или неплатена прекувремена работа, прашања во врска со додатоци на плата, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, прекувремена работа, мерки за безбедност и здравје при работа, различни основи за засновување и прекин на работниот однос (од одлуки за избор при конкурси, до откази на договорите за работа).

Бесплатната правна помош опфаќаше усмен правен совет по тековни прашања за правата и обврските од работен однос, а согласно основаноста и процесната можност – на барателите им беше пружена правна помош во составување приговори против конкретни одлуки на работодавецот. Во делот на индивидулните и колективни правата и обврските од работниот однос, врз основа на правниот проблем и расположливата документација, Хелсиншкиот комитет поднесуваше барања за инспекциски надзор до Државниот инспекторат за труд (ДИТ), Управниот инспекторат и до Инспекцискиот совет.

Во дел од барањата за бесплатна правна помош, работниците, електронски или усно, веќе го имаа пријавено работодавецот во Државниот инспекторат за труд (ДИТ), но постапувањето на инспекторатот изостанало, поради што Хелсиншкиот комитет се обрати со ургенции и барања за информација за преземените дејствија до ДИТ.

Во врска со поднесените барања за вонреден инспекциски надзор од страна на Хелсиншкиот комитет, ДИТ навремено постапуваше, односно во периодот од 30 дена доставуваше писмено известување до работникот или до Хелсиншкиот комитет. Во дел од случаите, констатираните неправилности времено ги охрабруваа работниците, но очигледно ваквите инспекциски наоди повеќе беа од полза за работодавците, да го исправат своето постапување во рамките на законот, но без позитивно влијание врз работичките права на вработените. Сепак, имаше и случаи во кои вонредниот инспекциски надзор на ДИТ даваше директни резултати во интерес на работникот, и тоа преку изречни инспекциски мерки - опомени со рок за отстранување на констатираната неправилност во врска со надомест и осигурување за време на боледување, решенија за користење годишен одмор, исплатен регрес за годишен одмор во полн износ.

Поради незадоволство од извршениот надзор на трудовите инспектори, во случаи кога очигледни неправилности не беа констатирани, поднесени беа четири барања за вонреден инспекциски надзор врз ДИТ од страна на Инспекцискиот совет. Во два од случаите Инспекцискиот совет не утврди неправилности во работата на инспекторите, а во останатите два случаи е очигледно пробивањето на роковите за постапување, затоа што странките немаат примено никакво писмено известување од Инспекцискиот совет и до девет месеци по поднесувањето на барањата.

[11] Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?“.

Што се однесува до судската заштита, потребата од застапување на работниците пред суд од страна на адвокат се покажа како суштинска. Работниците со примања над предвидениот минимум за бесплатна секундарна правна помош, беа исправени пред дилемата дали да водат неизвесен судски спор до одлука и наплата, имајќи ја предвид скапата адвокатска тарифа кога се во прашање работните спорови. Имено, за разлика од кратките и строги законски рокови кога е во прашање правото на работникот да поднесе приговор, тужба или жалба на одлука во судската постапка или во претходната постапка пред работодавецот, продолжува да се изигрува законски определениот итен карактер на работните спорови. По исклучок, судските постапки завршуваат во рок од 6 месеци пред првостепениот граѓански суд и 2 месеци пред апелациониот суд. Во најголем број од случаите, судските постапки траат 2 и повеќе години.

Унапредувањето на работничките права и подобрувањето на целокупната состојба на работниците се ставени во сенка на заштитата на веќе постоечките права кои секојдневно се прекршуваат. Здравствената криза предизвикана од коронавирусот е најдобар показател за последиците и отсуството на каква било сигурност или гаранција за достоинствен однос кон работници што не се здружуваат. Во вакви услови, најмногу се почувствуваа токму неорганизираноста на работниците и синдикалната разединетост, а со тоа и несоодветното претставување и застапување за одбрана на работничките права.

Иако нема екстремни разлики меѓу работодавците од различни сектори, одредени феномени се поприсутни во јавниот, а други во приватниот сектор. Додека во јавниот сектор работниците се соочуваат со дискриминација по етничка и политичка основа, во приватниот сектор работниците почесто работат прекувремено. Тие што се синдикално организирани, имаат поголем степен на заштита. Некои синдикати дури имаат свој фонд за правна помош за членовите што не ги исполнуваат условите за добивање бесплатен адвокат преку Министерството за правда. Работниците се соочуваат со повеќе проблеми во приватниот сектор токму поради реткото синдикално организирање. Во јавниот сектор, пак, синдикатите се многу почести и можат да влијаат врз уредувањето на работното место, со тоа што, за да се донесат одредени одлуки, работодавачот мора да има согласност од синдикалниот претставник.

***Закон за работните односи***

Покрај тоа што новиот Закон за работните односи почна да се изготвува уште во првата половина на 2018 година, тој сè уште не е влезен во собраниска процедура. По подолг период, кон крајот на 2022 година Министерството за труд и социјална политика започна со одржување јавни расправи со засегнатите чинители за најновата верзија на текстот на Законот. Од 2018 година, Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост континуирано го следат процесот на изготвување на новиот текст на Законот за работните односи. Имајќи ги предвид најновите случувања и јавните расправи за текстот на Законот, организирани од Министерството за труд и социјална политика во повеќе градови во државата, двете мрежи, чија членка е и Хелсиншкиот комитет за човекови права, реагираше со правно мислење за неколку клучни аспекти во целокупниот процес и за текстот на законот, меѓу кои:

1. Новиот, како и стариот ЗРО, како работник го дефинира секое физичко лице кое е во работен однос врз основа на склучен договор за вработување. Оваа дефиниција е неточна и не обезбедува заштита на голем број работници кои фактички работат, без договор за вработување или со поинаков договор, и не е во согласност со европското законодавство и

меѓународните стандарди. Предлагаме Законот да се усогласи со европското законодавство и Препораката број 198 на МОТ за работниот однос, дефиницијата да се прошири и да ги опфати и работниците кои немаат договор за вработување, но се во реален работен однос, чие постоење може да се одреди врз основа на поврзани факти. Такви факти се секојдневното доаѓање на работникот на работното место, исплаќањето плата и/или награди, подреденоста, контролата и однесувањето како да е заснован работен однос врз основа на договор за вработување, без разлика на типот на договор – вклучително устен договор, договори за дело, ангажман, услуги и слично. Во таа насока, ставот на Судот на правдата на ЕУ е дека под „работник“ се подразбира секој што фактички работи, без разлика на правниот основ (видот на договорот) за работниот однос и дали тој воопшто постои. Таквата законска измена ќе придонесе работниците да бидат вклучени во формалната економија, со постабилни работни места и поефективна правна заштита на нивните работнички права, а пак, работодавачите ќе бидат демотивирани да го злоупотребуваат трудот на работниците. На овој начин, целосно ќе се ефектуираат работничките права, односно правото на пензиско, здравствено и социјално осигурување. Дополнително, законската измена ќе даде целисходен одговор на сивата економија во работните односи, а државниот буџет ќе има корист од тоа.

2. Стереотипите и предрасудите кон различните и маргинализирани групи се присутни и на пазарот на труд. Пазарот на труд не е безбедно ниту пристапно место за луѓето од маргинализираните заедници, па оттука тие се соочуваат со невработеност, а понатаму и со сиромаштија која носи ризици од останати социјални проблеми. Најчести форми на дискриминација во работните односи се партиските вработувања (неосновано давање предност на дискриминаторска основа); дискриминација врз основа на род (вработување на жени, родов јаз на плати; помали можности за унапредување на жени; дискриминација во контекст на бременост и мајчинство, вработување на постари жени - интерсекциска дискриминација, родова сегрегација на пазарот на труд; пазар на труд скроен според потребите на мажите т.е. согласно претпоставката дека грижата за семејството треба да се одвива надвор од пазарот на труд); дискриминација на Роми/ки (расна дискриминација); вознемирување на работно место во форма на сексуално вознемирување на жени и ЛГБТИ; дискриминација за вработување на трансродови лица; непристапност на работните места за лица со попреченост и дискриминација и предрасуди кон нив; дискриминација кон лица што употребуваат дроги, односно, лица што се лекуваат од зависност; дискриминација на различни групи пациенти што поради хронични болести и состојби имаат потреба почесто да користат боледување. Во оваа насока, предлагаме ЗРО да се усогласи со ЗСЗД преку екстензивниот модел, што подразбира: одвојување на „еднаквост и недискриминација“ во посебна глава во законскиот текст; отстранување на одредбите во различните области на работните односи (огласи за вработување, отказ, безбедност на работно место и сл.), што поради несоодветна примена доведуваат до дискриминација и повреда на други права, и внесување т.н. „стражари“; Пример за ваква одредба е отказот без отказен рок за работникот кој внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства. Не се земаат предвид потребите и здравствените права на работниците кои се лекуваат од зависност и пациенти кои како дел од третман на болести употребуваат наркотични средства препишани и/или администрирани од здравствена установа, со што се овозможува дискриминација на овие групи. Друг пример е барањето при заснoвањето на работниот однос кандидатот да му достави на работодавачот докази

за исполнување на условите за вршење на работата помеѓу кои и за болестите или други околности кои можат како било да го оневозможат или суштествено да го ограничат при извршувањето на обврските од работниот однос или можат да го загрозат животот или здравјето на лицата со кои при извршувањето на своите обврски доаѓа во контакт. Оваа одредба може да доведе до дискриминација врз основа на здравствен статус и треба да се промени кон потврда дека лицето нема болест која се пренесува преку работен однос или која се влошува поради работниот однос; предвидување обврски за работодавачите, ДИТ, МТСП и другите клучни чинители да преземаат конкретни дејствија за спречување и заштита од дискриминација (воспоставување интерни процедури за пријавување дискриминација; мерки за едукација на работодавачите и работниците за еднаквоста и недискриминацијата; времени афирмативни мерки за маргинализирани заедници и процедура за нивно донесување и примена; и сл.); и воведување прекршочни одредби за непочитување на членовите со кои се уредува еднаквоста и недискриминацијата, што ќе предвидат пропорционални казни и изречна надлежност на ДИТ да постапува во овие случаи, притоа применувајќи го ЗСЗД во делот на постапката (на пример, за префрлување на товарот на докажување).

3. Одредбите за институтот Еднаква плата за еднаква работа или работа од еднаква вредност да се предвидат во горреспоменатата глава „еднаквост и недискриминација“. За соодветно да се регулира ова право (согласно правото на ЕУ и Конвенцијата бр.100 на МОТ) потребно е да се додадат одредби кои ќе предвидат: обврска за транспарентност на плати (секој работодавач да има обврска да ги информира вработените за сечија плата, платите по позиции да бидат лесно достапни (на пример објавени на веб, огласни табли и сл); обврска за работодавачите еднаш годишно да спроведуваат објективна евалуација на работното место и анализа на податоците, обврска за детекција на јазот во еднаквост на плати согласно големината на работодавачот, како и обврска да се преземаат мерки за намалување на јазот детектиран со анализата, да се објавуваат јавно мерките кои е планирано да се преземат и да се известува до ДИТ; во дефиницијата за плата, освен плаќањето во пари треба да се опфатат и сите видови осигурување, плаќања во натура и други видови поволности (превоз, храна и слично); правото да следува на секој што фактички работи, а не на оној што има договор за вработување.
4. Потребно е ЗРО да предвиди посебна глава за самовработените лица - „Самовработување“ каде детално ќе се регулираат правата од работен однос што им припаѓаат, а истовремено ЗРО мора да биде усогласен со постоечките меѓународни стандарди и да обезбеди соодветна заштита за сите работници, **а особено за посебните категории работници.**

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во текот на 2022 година, Мрежата за заштита од дискриминација каде што активно членува Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 71 случај на нееднаков третман по различни дискриминаторски основи, од кои најзастапени беа: припадност на маргинализирана група, здравствена состојба, родов идентитет и сексуална ориентација, политичка припадност, етничка припадност и друго.

По донесувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација и изборот на новиот состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, таа работи со еден член помалку, откако еден од избраните членови си даде оставка. Дополнително, во текот на 2022 година уште еден член си поднесе оставка, а Собранието во текот на 2022 година не ја започна постапката за избор на нови членови.

Неколку години по спроведувањето на законот, беа утврдени одредени недостатоци, за кои граѓанските организации кои работат во оваа област поведоа постапка за законски измени.

Имајќи ги предвид бројните логистички и финансиски предизвици со кои се соочи Комисијата се наметна прашањето за зголемување на буџетот на Комисијата со цел гарантирање на функционална независност на КСЗД, преку обезбедување соодветни финансиски средства за нејзино непречено и сеопфатно функционирање. Токму нискиот буџет, недоволните и несоодветно распределените финансиски средства за извршување на нејзините надлежности ја загрозуваат автономијата и независноста на Комисијата. Ова значи дека најмаргинализираните се значително ограничени во нивниот пристап до ефективен заштитен механизам, а истовремено ја зајакнуваат и одржуваат системската дискриминација во нашето општество.

***Тужби од јавен интерес (actio popularis)***

На 1 февруари 2021 година, Хелсиншкиот комитет поднесе две тужби од јавен интерес (actio popularis) до Основниот граѓански суд Скопје, како нова можност предвидена со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Првата тужба беше поднесена по основ на заштита од дискриминација од јавен интерес против Владата на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија и Министерството за локална самоуправа. Тужбата била поднесена заради утврдување дека тужените сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост со непреземање, односно пропуштање да се преземат дејствија за прилагодување на инфраструктурата и просторот до и во избирачките места – пристапност на лицата со попреченост. Со тоа тужените им оневозможиле на лицата со попреченост да го остварат своето право на глас. Воедно, тужените не презеле, односно пропуштиле да преземат дејствија за соодветно приспособување на законските, подзаконските акти и самиот изборен процес, со цел активно учество на лицата со попреченост во политичкиот живот во државата.

Основниот граѓански суд во Скопје утврди дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас. Судот утврди дека директната дискриминација е сторена со непреземање, односно, со пропуштање да се преземат дејствија за приспособување на инфраструктурата и просторот до и во дел од избирачките места и го повредиле начелото на соодветно приспособување. На овој начин, тужените оневозможиле лицата со попреченост да го остварат нивното право на глас, а со тоа го попречиле и активното учество на лицата со попреченост во политичкиот живот на државата.

Судот ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, до распишување на следните избори, на избирачките места каде што досега тоа не е овозможено, да обезбедат:

§ пристапност, рамни патишта, паркинг места соодветно обележани со боја со висок контраст, поставување знаци и бројки на видно место во поголем формат со висок контраст или звучна сигнализација до избирачките места;

§ пристапност до просторијата за гласање преку поставување гелендери покрај скалилата и ѕидовите, инсталирање пристапни рампи, рачни шини, пошироки влезови, пристапен лифт или платформи кои се на нивоа и со скалила;

§ пристапност во просторијата за гласање, нејзино еднакво осветлување, прераспределба на мебелот поради поголема можност за движење; поставување соодветно приспособени паравани за гласање и поставување на кутијата за гласање на соодветна висина за лица со физичка попреченост.

Дополнително, Основниот граѓански суд во Скопје ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, во пристапен формат, да го објават во медиумите диспозитивот на пресудата со која се утврдува дека сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас и активно учество во политичкиот живот, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Основниот граѓански суд во Скопје го одби барањето на Хелсиншкиот комитет да ги задолжи тужените да направат измени на правните прописи, со образложение дека донесување или изменување на законските и подзаконските акти подлежат на посебни постапки во рамки на извршната и законодавната власт и, како такви, не може да бидат предмет на одлука на суд во парнична постапка.

Апелациониот суд, по поднесена жалба од страна на државното правобранителство донесе Пресуда со која жалбата ја уважи, а предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд. Постапката е се’ уште во тек.

Втората тужба е поднесена исто така по основ на заштита од дискриминација од јавен интерес против Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип.

Оваа тужба е поднесна заради утврдување дека тужените сториле дискриминација – сегрегација врз децата Роми во образовниот процес поради недостаток на активности за уредување на начинот на реонизација со цел избегнување на можна сегрегација, како и непреземање на соодветни дејствија за контрола на одлуките за реонизација донесени од општините, Битола и

Штип, за начинот на спроведување на овие одлуки во пракса и за начинот на запишување на децата Роми во училиштата. Дополнително, тужените непрезеле активности за рамномерно и соодветно распоредување на учениците Роми со другите етнички заедници во паралелките, што довело до издвоени паралелки со деца Роми. Оваа постапка се’ уште е во тек.

Индивидуалните земјоделки без системско решение за овозможување на платено породилно отсуство и отсуство поради боледување.

Жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство. Како осигуреници, индивидуалните земјоделци согласно член 5 став 1 точка 4 од Законот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст ЗЗО) имаат право на здравствена заштита, но не и право на надоместоци во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда и бременост, раѓање и мајчинство (член 13 и 14 ЗЗО).

Индивидуалните земјоделци плаќаат 20% придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори. Законот за работни односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се осигуреничките уредени со ЗЗО. Согласно постојните законски решенија и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство иако истите не се препознаени во Законот за работните односи (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци поединци итн). Земјоделците се фактички работници, односно самовработени лица, но законодавството не ги препознава како такви, туку ја воведува категоријата „индивидуален земјоделец“ на која и’ доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што плаќаат помалку придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата за здравствено осигурување, туку сосема спротивно, како афирмативна мерка која имала за цел да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурување и како економска мерка, која има за цел да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните стопански дејности.

Оттука, земјоделките се дискриминирани во однос на останатите работнички и самовработени кои го стекнуваат правото на платено породилно отсуство и боледување согласно ЗЗО. Оваа нехумана политика има сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје како и врз здравјето на новороденчињата и децата од руралните области. Според истражувањата, повеќето жени ангажирани во земјоделство не се во можност да си дозволат да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица на тоа, продолжуваат со работните активности и во доцната бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето. Оваа состојба резултира со значителни здравствени ризици, како предвремено породување, несакан абортус, зголемен ризик за патолошки бременост, прерано прекинување со доењето, неможност за пружање на соодветна грижа на новороденчињата, што доведува до бројни здравствени проблеми кај децата. На оваа слика, доколку се земе предвид отежнатиот пристап до здравствени и социјални услуги и длабоко вкоренетите патријахални норми, се надополнува и сликата за маргинализација на руралните жени чии можности и права се многу повеќе ограничени во споредба со населението во урбаните средини.

Заштитата на мајките е фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот, со клучните универзални договори за правата на човекот и меѓународните конвенции. Заштитата на мајчинството треба да е проследена со правото на паричен надомест за време на породилно

отсуство кој ќе обезбеди жената да може да се одржува себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење.

Подобрување на заштитата од дискриминација врз маргинализираните заедници - Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации

Во рамки на проектот „Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија", поддржан од Цивика Мобилитас, а спроведуван во партнерство со ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Станица П.Е.Т. Прилеп беше подготвен документ - Подобрување на заштитата од дискриминација врз маргинализираните заедници - Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации.

Документот има за цел да ги потенцира клучните проблеми со кои се соочуваат Ромите, луѓето кои живеат во руралните средини, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници, делувањето на граѓанските организации кои обезбедуваат бесплатна правна помош на овие групи и можноста за подобрување на состојбата преку примена на концептот на интерсекциска соработка согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Долгогодишната работа на граѓанските организации кои обезбедуваат услуги за маргинализираните заедници, истражувањата спроведени на терен и мапирањето на состојбата, реализирано за потребите на овој документ, покажуваат дека одредени групи сѐ уште се соочуваат со предизвици да си ги остварат своите основни права и слободи. Обезбедувањето формална еднаквост со Уставот и законите и признавањето дека сите луѓе се еднакви пред законите можат да помогнат во борбата со негативните стереотипи и предрасуди кон одредени луѓе, но не можат да понудат решавање на проблемите кои историски постојат и се негуваат како резултат на различностите помеѓу жените и мажите, различните етнички заедници, луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет.

***Стандарди на Советот на Европа за заштита и спречување на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет***

Публикацијата „Стандарди на Советот на Европа за заштита и спречување на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет" е обид да се консолидираат постоечките релевантни акти на институциите на Советот на Европа во оваа област. Селектирани се документи кои претставуваат инструменти за застапување и даваат јасни упатства за правата на ЛГБТИ лицата. Даден е и увид во еволуцијата на еднаквоста на ЛГБТИ лицата низ правната пракса на Европскиот суд за човекови права, а посветено е внимание и на одлуките на Европскиот комитет за социјални права.

Посебен фокус е ставен на Препораките на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), која започна со следење на состојбата на ЛГБТИ лицата во 2012 година, како дел од својот редовен мониторинг на сите земји членки на Советот на Европа. Во моментов ЕКРИ работи на својата прва Општа препорака за недискриминација на ЛГБТИ лицата која треба да биде готова до крајот на годината и ќе биде корисен водич за државите во усогласување на своите закони, политики и дејствување со стандардите на Советот за Европа во делот на заштитата на човековите права на ЛГБТИ лицата.

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

Во моментов (2023) во фаза на подготовка е целосно нов текст на Закон за еднакви можности на жените и мажите, преименуван во **Закон за родова еднаквост**. И покрај тоа што работната група за изготвување на новиот закон, во која со своја претставничка учествува и Хелсиншкиот комитет, беше формирана од страна на Министерството за труд и социјална политика во 2020 година, а нацрт-текстот беше објавен и отворен за јавна расправа во 2022 година, сепак со завршување на годината, законот сè уште не е донесен.[12] Потребата од донесување на новиот закон произлезе од ограничената ефективност на досегашниот, особено на локално ниво, на што беше укажано и во последните препораки на Комитетот на CEDAW.[13]

Иако новиот Закон за родова еднаквост е сè уште во процес на подготовка, новата Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027 беше усвоена во јули, 2022 година. [14] Стратегијата идентификуваше три општи цели што треба да се постигнат до 2027 година: да се воспостави ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво; подобрување на положбата на жената во сите области од јавниот и приватниот живот и сузбивање на родовите стереотипи; и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет. Меѓутоа, имајќи предвид дека Стратегијата беше донесена врз основа на важечкиот Закон за еднакви можности на жените и мажите, треба да се има предвид нејзино прилагодување по донесувањето на новиот закон.

Друг важен закон кој не влезе во собраниска процедура во 2022 година, иако работната група и изготвувањето започна во 2018 година, е новиот Закон за работни односи. Овој закон треба да воведе важни концепти, како што се задолжително татковско отсуство, еднаква плата итн. во согласност со препораките на CEDAW и конвенциите на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Дополнително, она што сè уште недостасува во секторот за труд се податоци за инциденти на сексуално вознемирување на работното место и систем за истражување на такви случаи,

---

[12] Предлог закон за родова еднаквост. Достапно на: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=75591

[13] Committee on the Elimination of Discrimination against Women. (2018). *Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En

[14] Министерство за труд и социјална политика. (2022). *Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027.* Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/

бидејќи новиот Закон за спречување и заштита од вознемирување на работното место сè уште не е донесен иако работната група веќе основана. Земјата допрва треба да го усогласи трудовото законодавство со меѓународните стандарди, како што се директивите на ЕУ и Конвенцијата 190 на МОТ која е во процес на ратификација.[15]

И покрај тоа што **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство** стапи во сила на 6 мај, 2021 година, неговото донесување не беше проследено со криминализација на новите облици на родово базирано насилство. Оваа правна празнина остави многу жртви на родово базирано насилство незаштитени, уште повеќе што службениците од полицијата, како и центрите за социјална работа, не ги имплементираат одредбите од новиот закон во пракса.

Со ратификација на Истанбулската конвенција, Република Северна Македонија ја презеде и обврската за измена и дополнување на Кривичниот законик, но и на други закони и подзаконски акти. Меѓутоа најавените измени на **Кривичниот законик**, во насока на инкриминирање на новите кривични дела и измена на постоечките одредби кои се предвидени со новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и Истанбулската конвенција, не беа реализирани во текот на 2022 година. Па така, Кривичниот законик не го третира и санкционира делото сексуално вознемирување, како во јавниот простор така и онлајн, со што системски е оневозможена заштитата на жените и девојките од сексуално насилство, како што беше во случајот „Јавна соба“. Дополнително, фемицидот, како најтежок облик на родово базирано насилство врз жена заради тоа што е жена, се’ уште не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик, како потежок облик на убиство кога е сторено при вршење на семејно насилство.

На 17 ноември 2022 година беше изгласан **Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство** кој ќе стапи на сила на 17 мај 2023 година.[16] Овој закон има за цел да овозможи подобра заштита и пристап до правда за жртвите на насилство, вклучително за жртвите на родово базирано и семејно насилство. Со овој закон жртвата на насилство ќе може да оствари право на паричен надомест за ублажување на последиците од кривичното дело, пред постапката да биде правосилно завршена.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Она што се очекуваше со донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е дека значително ќе се подобри институционалната и сеопфатна поддршка на жртвите на родово базирано насилство. Со законот се воведе и принципот на постапување со должно внимание, меѓусебна координација на институциите и организациите,

---

[15] Предлог закон за ратификација ратификација на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, 2019 (C 190). Достапно на: https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=0b06bb23-3d4f-4c99-a8cd-e5d269c94d9e

[16] Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство. Службен весник број 247/2022 година.

забрана за виктимизација, собирање на статистички податоци за родово базирано насилство врз жените и семејно насилство, како и реинтеграција на жртвите.

Меѓутоа, донесувањето на законските решенија е само првиот чекор кон системски промени во решавање на проблемот на родово базирано насилство. На каков начин ќе се имплементираат, односно дали жртвите на овој вид на насилство ќе бидат заштитени, ќе зависи од примарните институции кои ќе имаат задача да постапуваат по ваквите пријави, а особено центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство, итн. Имајќи предвид дека токму имплементацијата на законските одредби во пракса сè уште претставува еден од најсериозните недостатоци во обезбедувањето на соодветна заштита на жртвите на родово базирано насилство, останува Хелсиншкиот комитет да ја мониторира нивната примена по донесувањето и да процени колку тие навистина ќе бидат во прилог на жртвите.

Иако е дефинирано со закон од 2021 година, повеќето релевантни институции сè уште не го признаваат родовото насилство како форма на насилство, туку само семејното насилство. Ова е очигледно од извештаите на граѓанските организации кои работат со случаи на родово базирано насилство, главно во обезбедувањето бесплатна правна помош и/или следењето на судските случаи на родово засновано насилство.[17]

Работата на Хелсиншкиот комитет укажува на постоење на непрофесионалност, контрадикторност и невоедначеност во постапувањето на дел од центрите за социјална работа, нивно непостапување во случаи кога станува збор за насилство извршено од поранешен партнер, непостапување на јавното обвинителство по кривична пријава за сторено родово базирано насилство (со образложение дека не се работи за дело што се гони по службена должност) и непостапување на МВР по добиени пријави за семејно насилство.

Центрите за социјална работа и во 2022 година употребуваа прашалници за проценка на ризик кои се наменети само за жртви на семејно насилство, а жртвите на родово базирано насилство не можеа ни да бидат сместени во постоечките прифатилишта за жртви на семејно насилство. Исто така, Центрите за социјална работа не прават соодветна проценка на ризик и не креираат безбедносен план, ниту поединечни планови за работа со секоја жртва. Друга слабост во одговорот на родово базираното насилство е бавниот процес на поднесување предлози за привремени мерки за заштита до граѓанскиот суд, што е важен чекор за правилно спроведување на законот и одговорност на Центрите за социјална работа.

Според последното истражување на Хелсиншкиот комитет спроведено во 2022 година, граѓаните генерално имаат висок степен на недоверба во постапувањето на надлежните институции, вклучително и полицијата, центрите за социјална работа, правосудството, што значително влијае граѓаните да бидат демотивирани да го пријават насилството.[18] Притоа, сè уште постои ниска

---

[17] Василески, З. и Карева, Т. (2022). *Пристап до правда - Анализа на обезбедена бесплатна правна помош од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права.* Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/pristap-do-pravda.pdf

[18] Хелсиншки комитет за човекови права. (2022). *Кој (не) може да пријави насилство?* Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/07/koj-nemozhe-da-prijavi-nasilstvo-mkd-finalna.pdf

свест кај граѓаните дека секој има обврска да пријави семејно насилство, а уште помалку и знаење дека истото е законски регулирано. Граѓаните сѐ уште го третираат семејното насилство како приватна работа, надвор од доменот на јавниот живот. Оттука, се смета дека пријавување насилство во позиција на трето лице претставува мешање во туѓиот живот.

Според податоците добиени од ова истражување, полициските службеници не постапуваат по анонимни пријави на насилство, со неосновано образложение дека немаат доволно податоци или законски основ за да можат инспекторите за семејно насилство да излезат на терен. На овој начин, тие ја отежнуваат постапката за пријавување и најчесто ги одвраќаат лицата кои сакаат да пријават случај. Пријавите од трети лица многу често не се третираат сериозно, освен доколку во случајот не се вклучи граѓанска организација или адвокат кои работат во оваа област, што укажува на нееднаквиот третман на граѓаните од страна на надлежните институции, а со тоа и до пристапот до заштита. Како резултат, граѓаните често гледаат на граѓанските организации како посредници во пријавувањето на случаите и комуникација со институциите. Сепак, дури и во случаи кога граѓанска организација или адвокат успеале да пријават случај, најчесто целата постапка била придружена со бројни бариери. Еден од проблемите со кои се соочуваат пријавителите е опасноста да ги казнат поради лажно пријавување, што значително ги обесхрабрува да ги контактираат надлежните институции. Констатирано е ненавремено постапување по пријавите на насилство од страна на полициските службеници што доведува до сериозен ризик за жртвата, при што постои можност ситуацијата да ескалира со убиство или да дојде да промена на состојбата, односно да се обесхрабри жртвата да го пријави сторителот.

Пријавите од страна на трети лица не секогаш се евидентираат од страна на надлежните институции што може да влијае на понатамошниот тек и исход на постапката. Ова создава проблеми за жртвите, особено во судските постапки, односно тие немаат доказ дека насилството било пријавувано. И покрај законската обврска, институциите не секогаш по службена должност пријавуваат насилство по добиено сознание, освен кога станува збор за случаи кои биле медиумски покриени или каде што има сериозни телесни повреди кај жртвата. Дополнително, здравствените институции не го пријавуваат насилството по барање на жртвите што укажува на нивната недоверба во понатамошното постапување на институциите кои имаат обврска да ги заштитат. Институциите не се пристапни за пријавување насилство од страна на лица со попреченост што не е во согласност со начелото на соодветно приспособување на мерките, активностите и услугите за жртвите на насилство со специфичните потреби на жените со попреченост.

Благата казнена политика, односно несоодветното санкционирање на сторителите на семејно насилство, како и нефикасноста на судството и пролонгирањето на судските постапки во случаите на насилство, го отежнува и ограничува пристапот до правда на жртвите што дополнително негативно влијае и на самото пријавување.

**МЕЃУНАРОДНО ЗАСТАПУВАЊЕ**

Четири години по стапувањето во сила, во април 2022 година, земјата го поднесе својот извештај за спроведување на Истанбулската конвенција до Групата експерти за акција против насилството

врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО).[19] Во текот на 2021 година Хелсиншкиот комитет за човекови права, во рамки на Платформата за родова еднаквост, започна со координирање на процесот на продуцирање на заеднички извештај во сенка за спроведувањето на Истанбулската конвенција, во согласност со прашалникот на ГРЕВИО. Првиот нацрт на извештајот во сенка беше подготвен во август, 2021 година и имаше за цел да послужи како појдовна основа за финалниот извештај во сенка кој Платформата за родова еднаквост го подготви и достави до ГРЕВИО Комитетот во април 2022 година.[20] Со цел да се процени ситуацијата на терен, ГРЕВИО Комитетот ги спроведе посетите за евалуација во Северна Македонија во текот на септември 2022 година, на кои учествуваа претставнички на Хелсиншкиот комитет. Се очекува извештајот за евалуација за земјата да биде изготвен и усвоен во текот на 2023 година.

---

[19] Report submitted by North Macedonia pursuant to Article 68, paragraph 1 of the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Baseline Report). Достапно на: https://rm.coe.int/grevio-inf-2022-5-state-report-north-macedonia/1680a618d5

[20] Платформа за родова еднаквост. (2022). *Shadow Report on the Implementation of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence in North Macedonia.* Достапно на: https://rm.coe.int/shadow-report-grevio-2022-gender-equality-platform/1680a64ae6

# ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

**МОНИТОРИНГ НА КАЗНЕНО ПОПРАВНИ УСТАНОВИ**

Во текот на 2022 година Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Македонското здружение на млади правници спроведе **14** посети во сите казнено поправни установи и воспитно поправната установа во државата.

Она што беше забележано е дека и покрај многуте заложби од страна на државата, меѓународните и домашните организации да се подобрат условите во казненопоправните и воспитно-поправната установа, системските недостатоци сè уште постојат. Очигледно е дека надлежните институции и понатаму немаат соодветна меѓусекторска соработка за проблемите со кои се соочуваат лицата лишени од слобода во овие установи, па поради тоа и потфрлуваат во исполнувањето на своите законски обврски за надминување на проблемите кои долго време се провлекуваат и оневозможуваат осудените лица да ги уживаат своите права и соодветно да се ресоцијализираат.

Пристапот до здравствена заштита, образование, соодветни материјални услови за живеење, програми за ресоцијализација и услови за нивно имплементирање, постпенална помош се сè уште незамисливи за лицата кои се наоѓаат на издржување казна затвор. Корупцијата и митото се дел од животот на осудените лица кои за тоа редовно нè информираат, но поради страв да не ги загубат своите права и погодности во установата, формално не сакаат да ги пријават овие случаи. Повремени акции од страна на државните органи со кои се откриваат недозволени предмети за кои стручната, но и генералната јавност се запознаени дека ги има во овие 7 установи, се недоволни. Ножевите, острите предмети, мобилните телефони, дрогата и парите ќе ги има во казненопоправните установи сè додека одговорните лица не ја сносат одговорноста за тоа. Во спротивно, не само корупцијата, туку и насилството меѓу осудениците и насилството од страна на осудениците кон припадниците на затворската полиција ќе продолжи да биде честа пракса.

Проблемот со корупцијата дополнително се продлабочува бидејќи државата сè уште има пракса да поставува несоодветни кадри на раководни позиции без искуство и знаење да менаџираат со казненопоправните установи кои со својата работа можат да нанесат долготрајни последици на директна штета на осудените лица. Така, најголемата казненопоправна установа КПД Идризово беше и моментално е менаџирана од лица кои немаат никакво претходно искуство во затворскиот систем.

Дополнително, она што беше забележано, а особено загрижува, е малиот број на жалби кои се поднесени од страна на осудени лица на донесени решенија за изрекувања дисциплински мерки. Често пракса е осудените лица да ги немаат примено решенијата за изрекување дисциплинска мерка; на пример, доколку тие се наоѓаат во самица, решението е прикачено на вратата од

самицата, а осудените лица успеваат да стапат во контакт со невладина организација, правник и/или адвокат откако ќе завршат со издржување на дисциплинската мерка. Така, во период од јануари до август 2022 година, до Управата за извршување на санкциите биле поднесени само 15 жалби од осудени лица и тоа 6 од КПД Штип, 5 од КПУ Затвор Скопје, 2 од КПУ Затвор Битола и 2 од КПУ Затвор Куманово. 5 од жалбите се уважени, а 9 се одбиени. Најчести причини за поднесување на жалбите се за пронајден мобилен телефон, физичка пресметка, физички напад, ненавремено враќање од користење погодности и внес на алкохол/наркотици.

Од КПД Идризово, најголемата казненопоправна установа во државата, не е пристигната ниту една жалба што само говори за фактот колку осудените лица немаат соодветен пристап до правото на жалба и не се поучени за користење на правото на жалба.

Како позитивна пракса може да се нотира дека Тренинг центарот за обука во рамки на КПД Идризово конечно започна да функционира и оваа година обучи нови кадри од редовите на припадниците на затворската полиција кои пред да започнат со работа поминаа неколкудневна обука во Центарот. Иако недоволно за соодветно запознавање на новите кадри, 8 со работата во затворскиот систем, сепак значајно и позитивно е дека конечно започна спроведувањето на овие обуки.

Понатаму, државата продолжи да инвестира во подобрување на материјалните услови во казненопоправните установи, но некои од установите како затворените одделенија во КПД Идризово, КПУ Затвор Скопје и КПУ Затвор Охрид немаат никакви можности за подобрување на условите за живот. Не само што инфраструктурно немаат услови за подобрување, туку и некои од установите повторно се соочуваат со проблемот на пренатрупаност, како што се установите КПД Идризово, КПД Прилеп, КПУ Затвор Тетово, КПД Штип, КПУ Затвор Струмица, а некои се и под ризик да бидат пренатрупани, како КПУ Затвор Битола.

Пренатрупаноста, особено во КПД Идризово каде се наоѓаат повеќето од осудените лица кои се со најголем безбедносен ризик, е алармантен проблем за кој државата мора итно да изнајде решение, како и за останатите системски проблеми кои доколку не се надминат, ресоцијализа-цијата како една од главните цели на казната затвор, не можеме да очекуваме, а со тоа и да очекуваме да се намали стапката на криминалот во државата.

## ОБЕЗБЕДЕНА ПРАВНА И ПСИХИЈАТРИСКА/ПСИХОТЕРАПЕВСТКА ПОМОШ

Во период од декември 2021 до ноември 2022 година, Хелсиншкиот комитет заедно со Македонското здружение на млади правници обезбеди правна помош на **154** осудени лица, меѓу кои на **18** жени осуденички. Експертките психијатари кои беа дел од тимот за спроведување на мониторинг посети во установите обезбедија психијатриско советување на вкупно **121** осудено лице меѓу кои на **9** жени осуденички.

Најчести поплаки на осудените лица кои побараа правно советување беа во однос на: здравствена заштита, користење на погодности, материјални услови, правото на условен отпуст, храна и вода, преместување во друга казнено поправна установа, водење на судска постапка итн.

**УПОТРЕБА НА ПРЕКУМЕРНА СИЛА И СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА**

Во текот на 2022 иницирана е една постапка пред ОЈО ГОКК за употреба на прекумерна употреба на сила и средства за присилба од страна на полициски службеник и поднесена е една жалба до Вишо јавно обвинителство против решение за отфрлање на кривична пријава поднесена за употреба на прекумерна употреба на сила и средства за присилба.

**СУДСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПРАКСА – ПРЕДМЕТИ ИНИЦИРАНИ ОД СТРАНА НА ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ И МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ**

Во текот на 2022 година, на иницијатива на двете организации, неколку лица беа осудени за употреба на прекумерна сила и средства за присилба, пациенти во психијатриски установи кои неразумно долго беа таму сместени, успеаа во својата битка со помош на организациите да се лекуваат надвор, а Управата за извршување на санкции во еден случај одлучи дека дисциплинската мерка - самица не требала да биде изречена против едно осудено лице.

*Краток приказ на случаите*

Основниот Кривичен Суд Скопје на 30.05.2022 година донесе пресуда со која го прогласи обвинетиот Г.П., униформиран полициски службеник вработен во СВР Битола за виновен и го осуди на казна затвор во траење од една година за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на службата" од член 143 од Кривичниот Законик.

Основниот кривичен суд во Скопје во октомври 2022 донесе пресуда со која утврди дека полициските службеници се виновни за делото „Малтретирање во вршење на службата" од член 143 став 1 в.в 22 од Кривичниот законик и им изрече алтернативна мерка – Условна осуда со која им се утврдува ефективна казна затвор во траење од 1 година, која казна нема да се изврши доколку обвинетите за временски период од 3 години не сторат ново кривично дело.

Апелациониот суд Скопје во октомври 2022 година донесе одлука со која се уважува жалбата на осуденото лице и се преиначува решението на кривичниот совет на Основниот Кривичен суд Скопје кое гласи – се отпушта од издржување на казна затвор осуденото лице, под услов до истекот на времето за кое е изречена казна затвор да не стори кривично дело.

Основниот Кривичен суд Скопје во ноември 2022 донесе пресуда со која го уважува предлогот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје - Скопје за замена на мерката - Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа со мерката - Задолжително психијатриско лекување на слобода.

Основниот кривичен суд Скопје донесе одлука со која го која го уважува предлогот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје - Скопје за замена на мерката - Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа со мерката - Задолжително психијатриско лекување на слобода. **Оваа одлука е донесена по доставено известување од страна на Европскиот суд за човекови права во Стразбур**.

Управата за извршување на санкции уважи жалба изјавена против решение со кое се изрекува самица во траење од 14 дена без право на работа и предметот е вратен на повторно одлучување пред КПУ Затвор Скопје.

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА**

Здравствената заштита останува најгорлив проблем во казнено поправните установи поради што најголем број на осудени лица се обраќаат за правна помош до Хелсиншкиот комитет. Една од причините за ваквата состојба е дефицитот на здравствен кадар вработен во овие установи, поради недостигот на волја и мотивација кај докторите да работат Од овие причини, Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје информираше дека во соработка со Министерството за здравство и синдикатот, здравствените работници кои работат во казнено-поправните установи во Северна Македонија, ќе добијат 30% повисоки плати, како резултат на додатокот за работа изложена на ризик.

Во текот на 2022 нотирани се нотирани бројни недостатоци во пристапот до здравствена заштита на осудените лица, особено спрема лицата корисници на droги. Имено, овие лица редовно се соочуваат со недостиг на медицинска терапија која многу често ја примаат со прекини, а во некои установи воопшто ја нема терапијата која нив им е потребна за лекување на зависноста. „Црниот пазар” со тргување на бупренорфин е честа пракса во установите поради недостиг на медицинска терапија и на здравствен персонал кој треба да прави редовни скрининзи за депресија, суицидалност и употреба на супстанции кај осудените лица.

**ОБРАЗОВАНИЕ ВО ВОСПИТНО ПОПРАВНИОТ ДОМ**

Децата кои издржуваат воспитно поправна мерка во ВПД Тетово, како и во женското одделение при КПД Идризово не посетуваа настава од септември 2021 година до јуни 2022. Ова е последица на долгогодишниот системски проблем, кој Министерството за образование и наука сè уште го нема решено. Иако согласно Законот за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука има законска обврска да го организира, планира и финансира образованието во казнено- поправните установи и воспитно-поправната установа. Покрај законската обврска на државата, образовниот процес е финансиран од страна на УНДП и истиот се остварува со низа прекини.

Образованието е од круцијално значење за ресоцијализација на децата и нивно враќање во општеството, особено доколку се земе предвид фактот дека голем дел од штитениците, кои издржуваат воспитно поправна мерка, се неписмени и немаат завршено ниту основно образование. Децата во овие установи имаат право на еднаков третман во пристапот до образование како и децата надвор. Тие имаат потполно право да се образуваат, да стекнуваат основни навики, да развијат чувство на одговорност итн. Образованието во воспитно поправните установи не е додадена вредност во системот на малолетничка правда, туку незаменлива компонента. Најважната и најосновната улога на образованието е децата да излезат од установата пообразовани, поинформирани и поспособни. Недостигот на образование остава штетни последици врз нив и директно придонесува кон неисполнување на целите поради кои децата се упатени на издржување воспитно поправна мерка.

# ДИГИТАЛНИ ПРАВА И СЛОБОДИ

Хелсиншкиот комитет имајќи го предвид брзиот развој на технологијата како и масовната употреба на дигитални алатки во секојдневниот живот, како и се поголемата потребата за заштита на човековите права и слободи во дигиталниот простор во Северна Македонија, во текот на 2022 година го спроведе проектот ,,Поголеми дигитални слободи". Хелсиншки комитет спроведе мониторинг на прекршувањата во дигиталниот простор во Северна Македонија и ги регистрираше прекршувањата на платформата (Share Monitoring), достапен на линк: https://monitoring.bird.tools/. За период од август до ноември 2022 година беа регистрирани вкупно 62 прекршувања во дигиталниот простор. [21]

Хелсиншкиот комитет како дел од регионално истражување за Рангинарање на дигиталните права спроведе истражување ,,Рангирање на дигиталните права на граѓаните во Република Северна Македонија  и почитувањето на законските обврски на телекомуникациските оператори". Преку истражувањето беа мапирани недостатоци во работењето на телекумуникациските компании. Оттаму, сите телекомуникациски компании во земјата треба подобро да ги почитуваат своите законски обврски, треба да се направат повеќе напори за транспарентност и проактивно објавување на информации релевантни и за слободата на изразување и за приватноста на корисниците. Овие информации треба да бидат лесно пристапни и достапни за јавноста.

Со развојот на дигиталните технологии се отвара простор за повеќе прекршувања на дигиталните човекови права. Хелсиншкиот комитет организираше јавен настан на кои учествуваа претставници од граѓанскиот сектор, медиуми и претставници на органите за прогон, се со цел подигање на свеста за потенцијалните прекршувања, справување на последиците од истите и надлежностите на државата за справување со овој нов тренд на дигитални прекршувања.[22]

За едукација и подигање на свеста на општата јавност во текот на декември 2022 година, Хелсиншкиот комитет спроведе кампања на социјалните мрежи за препознавање на прекршувањата на

[21] Хелсиншки комитет за човекови права (2022, декември). Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/narushuvanja-na-digitalnite-prava-i-slobodi-vo-severna-makedonija-avgust-septemvri-2022/?fbclid=IwAR2I2J505wR4vWb9gJyDZiCamqXxUWtdEFD5ALzMS0dWXe_JI5lv5wq_Fo4
-https://mhc.org.mk/reports/narushuvanja-na-digitalnite-prava-i-slobodi-vo-severna-makedonija-oktomvri-noemvri-2022/?fbclid=IwAR09K8zTxI7l2G5S7mO8Q4TuyEluZ4O7YA6X3-0Cq5CNbgW64JQgAMS-UNA

[22] Хелсиншки комитет за човекови права(2022, декември). Достапно на: https://mhc.org.mk/news/otvoren-forum-za-pogolemi-internet-slobodi-i-digitalni-prava/?fbclid=IwAR3-50uD-INR9U1gKzW4A9V4IZrOZlnAl85q7mYqQ2NtCbFVlTjqd3RdfV4

човековите права во дигиталниот простор, заштита на приватноста и личните податоци, слободата на изразување, како и подигање на свеста за пријавувањето на овие прекршувања, се со цел поефикасна заштита на човекови права во дигиталниот простор.[23]

[23] Хелсиншки комитет за човекови права(2022, декември). Достапно на:
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693526121111/
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693537261111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693541706111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693546666111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693556656111\
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693567526111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693573421111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160693742411111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160695137781111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160695226696111
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160697388496111/
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160697480301111/
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160695855896111/
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160695991881111/
https://www.facebook.com/MacedonianHelsinkiCommittee/photos/a.10150093152311111/10160699643766111/

# ГОВОР НА ОМРАЗА

Хелсиншки комитет за човекови права системски го следи говорот на омраза од октомври 2018 година, фокусирајќи се на говорот на омраза на социјалните медиуми како фејсбук, интаграм, твитер и тикток. Имено, во текот на оваа година Хелсиншки комитет на веб платформата www. govornaomraza.mk регистрираше вкупно 150 случаи, од кои 61 врз основа на политичка припадност, 52 врз осова на етничка припадност, 39 врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и 8 врз основа на пол и род.

**Графички приказ на регистриран говор на омраза за период 01.01.2022-31.12.202**



Поради распостранетоста и  интензитетот на говорот на омраза кој е регистриран, Хелсиншки комитет јавно реагираше во два наврати. Правата јавна осуда за ширење на меѓуетничка тензија се однесуваше за прославата по повод годишнината од потпишувањето на Охридскиот договор во организација на Владата на Република Северна Македонија и отсуството на осуда од страна на Владата поради исвиркување на водителка за најавата на македонски јазик. [24]

Втората реакција[25] во 2022 година од страна на Хелсиншки комитет се однесуваше на колумната на Јагнула Куновска ,,Што ги чека Албанците? “ објавена на порталот Плусинфо на 21.08.2022 година. Имено, Хелсиншкиот комитет оцени дека ваквиот говор е исклучително штетен, поради фактот што авторката е јавна личност а во нејзината колумна преку низа интерпретации и толкување анализирала тековни политички случувања низ призмата на меѓуетничките односи, особено преку посочување виновници и измислени непријатели што води до дополнителна општествена параноја и директно влијае врз создавање на дискурс кој пак води до раздор помеѓу групите.

Сепак најинтензивен и говор на омраза беше забележан и регистриран[26] во месецот на гордоста-јуни, пред и по одржувањето на парадата на годоста, кога пропорционално со зголемување на видиливоста на ЛГБТИ заедницата се зголемуваше и говорот на омраза упатен кон оваа заедница и регистрирани беа коментари на социјалните мрежи кој повикуваа на насилство врз актвистите и припадниците на заедницата. Имено, во овој период Хелсиншкиот комитет поднесе вкупно 5 кривични пријави до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, поради исполнување на битието од член 349г, ширење на ксенофобичен и расистички материјал од Кривиниот законик.




[24] Хелсиншки комитет, 2022- достапно на:https://mhc.org.mk/news/barame-javna-osuda-za-shirenjeto-meguetnichka-omraza/

[25] Хелсиншки комитет, 2022, достапно на: https://mhc.org.mk/news/odgovornost-za-javnite-lichnosti-i-mediumite-koi-predizvikuvaat-razdor/

[26]Веб платформа - www.govornaomraza.mk

По забележаниот говор на омраза на социјалните мрежи и поднесените пријави до надлежните иституции, недостасуваше ефективен и брз одговор од органите на прогонот. По одржувањето на Скопје прајд беше регистриран и напад врз припадник на ЛГБТИ заедницата.

На крајот на октомври 2022, по објавување на веста од страна на порталите, за самоубиството на двете момчиња од Ерменија, кои поради изолација и неразбирање од семејството и општеството за нивната меѓусебна љубов и релација - извршиле самоубиство беше регистриран вирулентен говор на омраза и поттикнување на самоубиство на младите кои имаат различна сексуална ориентација. Хелсиншкиот комитет смета дека ваквиот говор придонесува кон дополнително нарушување на менталното здравје кај младите и го ценеше ваквиот говор како исклучително штетен, па од тие причини  поднесе кривична пријава по член 349г, ширење на ксенофобичен и расистички материјал по компјутерски систем од Кривичниот законик.

Се уште не се покренати обвиненија за пријавите поднесени од страна на Хелсиншкиот комитет поврзани со говорот на омраза во текот на 2022 година.

Во оваа година беше присутен и нагативниот дискурс во врска со интеграциите во Европската унија и билатерланите односи со Бугарија. Имено, Хелсиншки комитет смета дека поради недостаток на транспарентност и извесност на процесите кои следуваат, во јавноста се појавува негативен дискурс кој е проследен со говор на омраза врз основа на политичка припадност и навреди кон неистомислениците.

# ДЕЛА ОД ОМРАЗА

**Во 2022 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше вкупно 158 инциденти со пристрасен мотив.** Инцидентите беа регистрирани веднаш по нивното пријавување од страна на медиумите или од Министерството за внатрешни работи. Од вкупниот број, 23 инциденти беа потврдени, а останатите 135 се потенцијални инциденти сторени од омраза, кои сè уште не се потврдени.[27] Потенцијалните инциденти се прикажани во овој извештај заради тоа што според другите индикатори постои основа дека се сторени со пристрасен мотив. Овие индикатори се однесуваат на перцепцијата на жртвата и/или сведоците, направени коментари во моментот на случување, различната етничка припадност меѓу жртвата и сторителот, модел на претходни инциденти, природата на насилството, отсуство на други мотиви, место и време. Поконкретно, потенцијалните инциденти се прикажани заради добиени информации во однос на местото на инцидентот (пример, мешани етнички населби и училишта, автобуски траси кои ги користат припадници на различна етничка припадност, места каде што инциденти од омраза и претходно се случувале, итн), видот на инцидентот (пример, кога поголема група млади луѓе без провокација напаѓаат една или повеќе жртви, групни тепачки, напади во автобуси или на автобуски станици, итн) време на случување (пример, по претходна тепачка како вид на одмазда, по завршување на школската настава, за време на или после спортски настан, итн) и оштетување на имот за време на инцидентот (пример, места на верски обреди, итн).

Најголем број од инцидентите, и во 2022 година, се случиле врз основа на етничка припадност - 83.54%. Во 4.43% целта се мигрантите или бегалците како резултат на нивниот статус, мотивот во 3.79% бил политичко убедување, 1.26% од инцидентите се случиле како резултат на религиозни уверувања и 1.26% се мотивирани од сексуална ориентација.




[27] За потврден инцидент се смета оној инцидент во кој со сигурност станува збор за дело од омраза врз основа на изнесените податоци од страна на засегнатите лица, медиумите и/или МВР. Непотврдените случаи се поврзани со ситуации каде според другите индикатори постои основа за верување дека овие пристрасни инциденти се мотивирани од етничката припадност на жртвата, но не може со сигурност да се потврди дека станува збор за дело од омраза.

Поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади луѓе припадници на различни етнички заедници или спортски навивачи. Во 73 од регистрираните 158 инциденти, жртвите биле лица под 18 години. Во 70 од вкупниот број инциденти биле вклучени малолетни сторители. Во 60.12% од вкупниот број инциденти бил вклучен повеќе од еден сторител, но сепак не може да се утврди точната бројка затоа што голем дел од сторителите се непознати.




Поголемиот број инциденти – 118 се случиле во Скопје и околните општини. Во Тетово се случиле 11 инциденти, во Гостивар и Битола по 5, во Куманово 4, во Охрид, Гевгелија и Прилеп по 3, во Радовиш 2 и по еден инцидент во Кочани, Струга, Штип и Струмица.

Наведените податоци се извадок од посебниот Годишен извештај за злосторства од омраза, подготвен од Хелсиншкиот комитет за човекови права, кој содржи подетален осврт на состојбата и описи на регистрираните инциденти.

# ЛГБТИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА

**Транссексуалната заедница под напад**

Говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето континуирано расте и изминатата година регистриравме 36 случаи на говор од омраза врз основ на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет, што се 22% од вкупниот број на регистрирани случаи на говор од омраза. Како дел од хибридните напади, напорите за носење на легислатива за правно признавање на родот беа искористени за дополнително таргетирање на транссексуалната заедница, како „фасада“ кон таргетирање и напад на родовата еднаквост во целина. Анти-родовите движења кај нас се чини се алатка за блокирање на интегративниот процес на државата и се поочигледно станува дека домашните анти-родови структури се поврзани и дејствуваат во координација со надворешни фактори и користат веќе готови наративи. Во ваквиот развој на настаните, транссексуалната заедница останува една од најранливите и под ризаик од дополнителна стигма, дискриминација и насилство. За жал, изминатата година државата повторно не смогна сили да ја спроведе одлуката на Судот за човекови права од Стразбур, а која се однесува на регулација на правното признавање на родот и овозможување минимум услови за функционирање на транссексуалните луѓе кај нас, што во исто време ќе беше и амортизација на ефектите од агресивната кампања на анти-родовите структури.

Во делот на злосторствата од омраза врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет иако правно регулирани со Кривичниот законик, не е забележана позитивна промена во постапувањето на институциите. Главниот проблем останува кај полицијата која продолжува овие дела да не ги регистрира како дела од омраза, односно да ги регистрира како други дела казниви со Кривичниот законик и Законот за прекршоци. Регистрацијата на пријавените дела како дела од омраза сторени токму поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на жртвата е круцијална за нивно натамошно соодветно процесирање од страна на Јавното обвинителство и заштита на жртвата, а секако и заради обезбедување точни податоци за ваков тип на кривични дела како статистички податоци врз кои ќе се базира натамошното застапување во оваа област. Сигурната куќа, како безбеден хаб за ЛГБТИ жртвите на насислство и/или под ризик од бездомништво успеа да одговори на предизвиците и да понуди безбеден простор, обуки за социјални и животни вештини, подготвувајќи ги корисниците за ресоцијализација и учество на пазарот на трудот, како би постигнале лична независност и кршење на „кругот на насилството“.

Од друга страна, присуството на околу три илјади луѓе на Скопје Прајд минатата година, или околу 30% повеќе од претходниот Прајд, покажува и зголемена поддршка за ЛГБТИ луѓето. Ова ни дава надеж дека граѓаните сè повеќе ги препознаваат хибридните закани кон кохезијата во општеството и укажува дека е потребен дополнителен напор од државата и едукација на луѓето околу современите ризици. Овие два навидум контрадикторни процеси, ја отсликуваат зголе-

мената поделба во општеството, подгреана и со војната во Украина. Истите, анти-родовите структури, се тие и кои ја релативизираат воената агресија врз Украина, се обидуваат да ја оправдаат, па дури и да ги заменат улогите на агресорот и жртвите.

Во текот на 2022 шелтер центарот Сигурна куќа, го доби дозвола за вршење работа во социјалната заштита, давање на социјална услуга во заедницата – привремен престој во Центар за жртви на родово- базирано насилство.

Сигурната куќа има капацитет за 5 корисници и работи 24 часа, 365 дена. За корисниците/чките се обезбедува: домување, храна, средства за лична хигиена, основни медикаменти, потоа: психосоцијална помош и поддршка, што подразбира услуги од социјален работник и психолог како и бесплатна правна помош. Сите наведени услуги се бесплатни и доверливи.

**Број на згрижени корисници во шелтер центар – Сигурна куќа**

Во периодот од јануари до декември 2022, беа згрижени 10 корисници/чки на услуги:

Табела 1. Број на корисници на услуги и опис по род, националност и потекло, за 2022 година

| Период | Род | Националност | Потекло |
|---|---|---|---|
| **Јан – Дек 2022 година** | М - машки 6<br>Ж –женски 4 | Македонец/ка 7<br>Авганистанец 1<br>Азербејџанец 2 | Авганистан 1<br>Македонски брод 1<br>Азербејџан 2<br>Крушево 2<br>Скопје 2<br>Струга 1<br>Крива Паланка 1 |

Како што може да се види од Табела 1, во периодот од јануари до декември 2022 година, биле згрижени 10 корисници, и тоа: Лезбијка[28]: 1; Геј маж[29]: 5;Трансродово лице MTF[30]:4; Трансродово лице FTM[31]: 1.

---

[28] Лезбијка, се однесува на оние жени чија сексуална, емотивна, афективна привлечност е главно насочена кон лица од ист пол. „Буч“ е погрден збор со кој се именуваат лезбијките со нагласени (родово стереотипни) машки одлики, гестови и однесувања. Со значењето кој го носи овој збор се изразуваат хетеросексистичките стереотипи за лезбијките, но во исто време и стереотипните претстави по однос на родот. „Липстик лезбијки“ или „фем“, се поими со кои се именуваат лезбијките со нагласени (родово стереотипни) женски одлики гестови и однесувања.

[29] Геј, се однесува на оние мажи чија сексуална, емотивна, афективна привлечност е главно насочена кон лица од ист пол. „Педер“е термин кој најчесто се употребува со погрдно, навредливо значење, а се користи во хомофобични констелации во кои се омаловажуваат и дискриминираат мажите хомосексуалци. Во последно време со развојот на „квир“ концептот и политичкото движење, овој термин намерно се користи од страна на самите хомосексуалци во

**Возраст на згрижени корисници/чки во шелтер центар – Сигурна куќа**

Табела 2. Возраст на корисници во шелтер центар Сигурна куќа, за 2022 година

| Период | | Период | | Период | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јан - Дек 2022 година** | 18-23 години 5<br>24-29 години 3<br>30-35 години 1<br>Над 35 години 1 | **Јан – Дек 2021 година** | 18-23 години 3<br>24-29 години 3<br>30-35 години 2<br>Над 35 години 1 | **Јан – Дек 2020 година** | 18-23 години 4<br>24-29 години 3<br>30-35 години 1<br>Над 35 години 2 |

Табела 3. Број на корисници/чки на услуги во Сигурна куќа, за 2022 година

| Период | Кризно сместување (24 – 72 часа) | Долгорочно сместување (3-6 месеци) |
|---|---|---|
| **Јан - Дек 2022 година** | 2 | 8 |

**Програми и активности реализирани во 2022 година**

**1.Обезбедување на домување во сигурен и безбеден простор за период од 3-6 месеци, за жртвите на семејно и родово базирано насилство и насилство базирано врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет**

**2. Линија за помош 0800 66 6 66,** која е отворена 24/7 и во текот на 2022 година има реализирано 15 (петнаесет) јавувања од кои дел беа наменети за директна поддршка на жртви од насилство и дел за информации околу сервисите на Сигурната куќа.

**3. Обезбедување на психо-социјална помош за жртвите кои се сместени во шелтер центарот**

**4. Обезбедување на бесплатна правна помош**

---

самоименувањето, а со цел да му се придаде ново значење и вредност, да се испразни од погрдните значења, и преземајќи сé во нов контекст за политички/активистички цели да се изрази гордоста со сопствениот идентитет и да се отфрли срамот што го носи овој термин.

[30] Ознаката MTF (male to female) се однесува на лице кое нема направено физичка трансформација/или не се уште (медицинско менување на пол), но родово се идентификува како жена.

[31] Ознаката FTM (female to male) се однесува на лице кое нема направено физичка трансформација/или не се уште (медицинско менување на пол), но родово се идентификува како маж.

**5. Обезбедување на едукативни – креативни тренинзи, тренинзи за животни вештини и спортско-рекреативни активности за корисниците на услуги на Сигурната куќа**

**6. Обезбедување на помош за корисниците за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, како би се обезбедило и вклучување на пазарот на трудот**

Табела 4. Број на реализирани тренинзи за 2022 година во Сигурна куќа

| **Тренинзи за работни и животни вештини** | **Едукативно-креативни тренинзи** | **Спортско – рекреативни тренинзи** | **Неформални дружби од социјален карактер** |
|---|---|---|---|
| **22** | 19 | 2 | 11 |

**7. Подигнување на свесноста и промовирање на услугите на шелтер центарот**

